Синдикатот на РЕК Битола продолжува со поддршката за заедницата !

Синдикатот на РЕК Битола продолжува со активности за поддршка на заедницата.

Во Основното училиште Даме Груев, Синдикатот на РЕК Битола донираше ламинат за санација на подот во кабинетот по физика. Со донацијата ќе се подобрат условите за изведување на наставата во кабинетот каде пред две години група ученици ги конструираа “паметните венецијанки”, иновација која доби прва награда на повикот „Предизвик за млади истражувачи 2“ што го организираше Фондот за иновации и технолошки развој во соработка со Министерството за образование и наука.







